

РАЗВИОРЕНО МАКЕДОНСКОТО ЗНАМЕ

**Симболот на античките Македонци, на Филип и на Александар, чии потомци сме ние Македонците, од 19 септември се вее и пред Општината Пустец. Тамошните Македонци го прославија подигнувањето на знамето на Општината и откривањето на плочата на влезот во општинската зграда. А имаа и зошто да слават, Пустец стана единствена општина со Македонци во светот, која за официјален симбол го утврди македонскиот симбол, шеснаесеткракото златножолто сонце.**

# ИДЕНТИТЕТОТ НА АНТИЧКИТЕ КОРЕНИ ДОКАЖАН СО ШЕСНАЕСЕТКРАКОТО СОНЦЕ

Пишува:
**Жаклина МИТЕВСКА**

Советот на Општина Пустец, Мала Преспа, Република Албанија, во рамките на своите законски надлежности за грб и знаме го утврди и од надлежното Министерство за правда на оваа држава доби одобрение за шеснаесеткракото златножолто сонце на црвена основа. Со ова Пустец стана единствената општина со Македонци во светот, која за официјален симбол го утврди шеснаесеткракото сонце.

Јавното објавување на симболот на Општината симболично го означува и воведувањето на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо во административна употреба во Република Албанија, бидејќи на грбот називот на Општината е напишан и на македонски и на албански јазик.




АМБЛЕМ НА ОПШТИНА ПУСТЕЦ

Прославата беше во организација на градоначалникот на Општина Пустец, Пандо Андони и Организацијата за заштита на правата на Македонците во Република Албанија "Друштво Преспа" со седиште во Пустец.

Пред голем број Македонци од Мала Преспа, меѓу кои доминираа младите, присутните ги поздравија градоначалникот Андони, претседателот на Органзицијата за заштита на правата на Македонците во Република Албанија "Друштво Преспа", Едмонд Темелко, претседателот на Светскиот македонски конгрес, Тодор Петров, и градоначалникот на Општина Гази Баба - Скопје, Коце Трајановски.

## ПОТОМЦИ

"Симболот на античките Македонци, на Филип и на Александар, чии потомци сме ние Македонците, од денес ќе се вее и пред Општината Пустец, што нѐ прави горди затоа што прв пат Македонците во Албанија официјално и со одобрение од властите го истакнаа својот симбол. Но, тоа е само почеток во остварувањето на нашите права во Албанија. Бараме образование на мајчин македонски јазик на целата територија на Република Албанија, Мала Преспа, Голо Брдо, Гора, Тирана и цела Албанија, таму каде што живееме, бараме медиуми на македонски јазик, бараме да одиме во наши македонски православни цркви, да бидеме рамноправен дел од власта на оваа наша држава Албанија", истакна Едмонд Темелко.

Во поздравниот говор градоначалникот на Општината Пандо Андони потенцира:

"Советот на Општината пред четири месеци, едногласно го усвои македонското шеснаесеткрако златножолто сонце на црвена основа. Горди сме поради тоа, како и поради оваа манифестација со која ја

откриваме плочата со натписот пред влезот на зградата на Општината и ги креваме знамињата на Република Албанија, Република Македонија и на Пустец. Потребни се уште многу нешта за да станеме интегрален дел од албанското општество. Ние за тоа ќе се бориме и постојано ќе настојуваме да ги подобруваме условите за живот на Македонците во Општината Пустец".

"Мило ми е што сум со Вас. Ви ги пренесувам поздравите од жителите на Општина Гази Баба и јавно упатувам покана за збратимување на нашите две општини Пустец и Гази Баба. Ќе сториме сè за да Ви помогнеме, да соработуваме и преку механизмите на Заедницата на општините на Македонија и Заедницата на општините на Југоисточна Европа, чиј дел сме. Ќе сториме сè фондовите од овие асоцијации за развој на пограничните региони да станат достапни и до Македонците во Пустец за изградба на инфраструктурните објекти, пред сè, патот Стење-Пустец, мрежата за водоснабдување на регионот и населените места во Мала Преспа и развојот на селскиот туризам, затоа што живеете во прекрасна и еколошки здрава зачувана средина", изјави градоначалникот на Општина Гази Баба, Коце Трајановски.

## ИНТЕГРИРАЊЕ

"Правото на службена употреба на мајчиниот јазик, во државната и во локалната администрација, е основно човеково и граѓанско право гарантирано со Европската рамковна конвенција за малцинските права и Универзалната декларација за човековите права на Обединетите нации. Поставувањето и откривањето на плочите за одбележување на зградата на Општината Пустец, на македонски и на албански јазик, со симболот на Општината, македонското шеснаесеткрако сонце и кревањето на општинското знаме е историски ден за Мала Преспа и за Македонците во Република Албанија. Денешниот ден е важен за Македонците и воопшто за развојот на демократијата во Република Албанија, затоа што е дел од промоцијата на правото на остварување на самоуправа (културна автономија) на Македонците во Република Албанија во областа на образованието и информирањето на македонски јазик, заштитата и афирмацијата на сопствената македонска култура и службената употреба на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, правото на слобода на изразувањето, негувањето и развивањето на својот идентитет и особености и употребата на своите симболи. Утврдувањето на симболот од страна на Советот на Општината Пустец и неговото потврдување од Министерството за правда на Република Албанија ја направи единствена општина со Македонци во светот, која за официјален симбол го утврди македонското шеснаесеткрако сонце со лисја од даб и жир како симбол на националниот парк 'Преспа'. Прв пат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо се воведуваат во административна употреба во Република Албанија, бидејќи називот на Општината е напишан на македонски и на албански јазик. И бидете горди поради тоа, како што сме и сите ние заедно со вас. Борете се за унапредувањето на вашата положба, за вашите права и слободи и бидете и останете фактор за интеграција во Албанија и за добрососедски односи меѓу нашите две држави Македонија и Албанија. И секогаш и насекаде барајте итно да се воспостави принципот на реципроцитет - ШТО за Албанците, односно малцинствата во Македонија, ТОА за Македонците и за сите останати малцинства во Албанија. За љубовта, правдата и трпението нема закон. Затоа ширете љубов и разбирање, борете се за правдата и за вашите права и бидете трпеливи, зашто само така ќе победите. Вие на тоа имате право и повеќе не плашете се, повеќе не срамете се. Нема сила што може да го победи вашиот дух. Но, за тоа морате сами да сте единствени, обединети и организирани. Генерациите по вас, да ве помнат по тоа што сте го оставиле, а не да ве мразат по тоа што не сте го сториле! За многу години денот денешен, и да се надеваме, повторно брзо да се собереме сите сред село за да го прославиме крајот на градбата на македонската православна црква 'Свети Архангел Михаил', на конаците, културниот дом и плоштадот Македонија во вашиот Пустец. Да се надеваме, брзо да се собереме за да го прославиме поставувањето на големиот крст на островот Мал Град. Вие тоа го заслужувате. Ја користам можноста да им изразам голема благодарност, во наше и во ваше име, на донаторите за помошта за изработка на плочите, јарболите и знамињата. Благодарност и до Организацијата за заштита на правата на Македонците во Албанија 'Друштво Преспа' за ангажманот за успешно воспоставување на сонцето за симбол на Општината и организацијата на оваа манифестација", истакна претседателот на Светскиот македонски конгрес, Тодор Петров.




ПОСТАВЕНАТА ПЛОЧА НА ОПШТИНАТА



ВИСТИНСКИТЕ МАКЕДОНЦИ ПРОДОЛЖУВААТ ДА СЕ БОРАТ ЗА СВОИТЕ ПРАВА

Свеченоста беше збогатена и со културно-уметничка програма, македонски песни и ора, прераснувајќи во општонародна веселба.

Градоначалникот Андони ги запозна гостите од Македонија со тешкотиите околу доизградбата на црквата "Свети Архангел Михаил", барајќи конкретна финансиска помош за нејзино завршување, како и за развој на Пустец и подобрување на животот на месното население.